# МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ
# ПОМОРСКИ И КОМБИНИРАН ТРАНСПОРТ

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Овие тарифи се применуваат за осигурување на пратки во меѓународен транспорт.

2. Премиските стапки од овие тарифи се предвидени за осигурување на пратки кои претставуваат македонски интерес, а кои се пакуваат, товарат, превозуваат и истоваруваат на начин, услови, правила и средства вообичаени за соодветниот вид на стока.

3. Во сите случаи кога осигурувањето е склучено под услови ,,останува покритие'' (Held Covered N/C), премиската стапка дополнително ќе се утврди во зависност од можните ризици и околностите на превозот. Премиската стапка се одредува по Тарифата за изменетите околности, штом истите ќе бидат пријавени, или штом за истите се дознае. Од осигуреникот се наплатува разлика на премија, ако подоцна утврдената премиска стапка е поголема од наплатената.

4. Од премиските стапки и одредбите од овие тарифи може да се отстапи во следните случаи:

а) кај осигурување на пратки со пошироко или потесно покритие од условите предвидени во поедини тарифи;
б) кај осигурување на пратки кои се пакуваат, товарат, превозуваат и истоваруваат на начин, услови, правила и со средства кои не се вообичаени за соодветниот вид на стока;
в) кај осигурување на пратки кои претставуваат странски интерес;
г) поради услови на пазарот на осигурување;
д) кај стока каде резултатите на осигурувањето и околностите се многу поволни или неповолни;
ѓ) кај пратки со голема вредност или голем број на пратки од иста стока за еден осигуреник, кај кои може поблиску да се оцени тежина на ризиците на кои стоката е изложена;
д) при склучување на општите договори за осигурување.

Во горе приведените случаи и кога се бара пошироко покритие од Клаузулата А, т.е. ,,против сите ризици'', премиските стапки и услови се одредуваат спрема тежината на ризикот на кој пратките се изложени,

земајќи ги при тоа предвид сите околности во врска со транспортот, остварените резултати, сопствено и туѓо искуство.

5. Премиските стапки и услови за воени, политички ризици, штрајк и доплаток за старост на бродот се одредуваат спрема тарифите и промената на тарифите добиени од реосигурувачот, во моментот на започнување на превозот.

6. Генералниот директор, заменикот на Генералниот директор и помошникот на Генералниот директор за осигурување и од него овластени лица во Стручната служба транспорт во Генералната дирекција ги одредуваат премиските стапки и услови по точките 4 и 5.

7. За формирање на покритие „Против сите ризици", односно Клаузулата „А" се врши согласно одредбите на Тарифата 2 за соодветното покритие.

8. Осигуреникот има можност, ако со договорот и конкретната полиса е пријавено покрај фактурната вредност да ја зголеми сумата на осигурување до 80% на име очекувана добивка, трошоци за превоз, курсни разлики, царина, трошоци за осигурување и слично.

9. За вклучување во осигурување на специјалните ризици, задолжително е претходно осигурување „Против сите ризици", односно Клаузула „А".

10. За ризиците за кои е предвидена франшиза (по пратка или по пакет), се применува франшизата која е поповолна за осигуреникот.

За откуп на франшизата се применуваат условите од Тарифата за франшиза и Конвенцијата ЦИМ.

Во полисата треба да се нагласи дали франшизата е откупена, т.е. без франшиза или процент на франшизата.

11. Транзитните пратки преку Македонија и пратките кои се превозуваат на територијата на една или повеќе странски држави, се сметаат како пратки за и од Македонија.

12. За пратки кои се превозуваат во контејнери, а кои се осигурени со условите за осигурување „Против сите ризици", премиските стапки од овие тарифи може да се намалуваат до 25%.

13. За осигурување со договори за осигурување, отворено покритие и флотантен, премиските стапки се намалуваат 10-20%, во зависност од околностите и каков тип на договор е склучен.

14. За осигурување на додатно попатно вскладиштување на пратките ќе се применува Специјална тарифа.

15. Премиските стапки од овие тарифи ја покриваат релацијата „од складиште до складиште", вклучувајќи и превоз во внатрешноста, попатен претовар, вскладиштување и евентуален превоз на палуба без франшиза, со исклучок на пратки, со природни својства (крш, кало, испарување, растур, расипување и сл.).

Релацијата внатрешност по оваа Тарифа се подразбира продолжување на поморскиот пат со копнени и други транспортни средства внатре во границите на земјата и / или преку трета земја.

16. Кај комбинираните поморски-копнени превози се применуваат премиски стапки предвидени за поморски превоз-внатрешност.

17. При осигурување на специјалните ризици во полисата задолжително треба да се нагласат специјалните услови и клаузули по кои е склучено осигурување и истите да се приложат.

18. За осигурување на околностите на транспортот кои не се предвидени со тарифите и условите, ќе се применуваат договорените стапки и се впишуваат во полисата.

19. Кај стоки кои поради природните својства кои подлежат под франшизи, ќе се применуваат соодветните франшизи од поединечните тарифи, законските прописи, конвенциите и Тарифата за франшизи.

20. Осигурениците имаат право на смалување на премиските стапки, односно учество во позитивниот технички резултат или обврска за зголемување спрема табелата за корекција на премиските стапки, ако осигуреникот има договор за осигурување. Табелата е единствена за сите транспортни осигурувања.

21. Со договорот за отворено покритие или флотантниот договор, со секој осигуреник конкретно се регулира правото на бонус и малус.

При пресметка на учеството во позитивниот технички резултат не се зема премијата пренесена во реосигурување.

Во еден пресметковен период осигуреникот може да користи само едно право за бонификација учество или смалување на премиската стапка.

22. Ако во тековната година се случи поголема штета или се пријави нова непозната штета која не е земена предвид при утврдување на техничките резултати на осигуреникот, а со таа штета техничките резултати ќе станат негативни, во таков случај во таа година нема да се примени одредбата за намалување на премиската стапка или учество.

23. Минималната премија изнесува денарска противвредност на 30 US$ по продажен курс на денот на издавање на полисата. Промена на истата врши Генералниот директор на предлог на Стручната служба за транспорт и кредити во Генералната дирекција.

## II. КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈИТЕ ПО КЛАСИ НА ОПАСНОСТ

**ЕВРОПА**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Македонија и сите останати земји во Европа | I |
| 2. | Шпанија, Португалија, Грција, Бугарија, Албанија, Европски дел на Турција, Европски дел на Заедницата на Независни Држави | II |

**АФРИКА**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Мароко, Тунис, Алжир | II |
| 2. | Сите останати земји | III |

**АЗИЈА**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Израел, Јапонија, Азиски дел на Заедницата на Независни Држави и Кина, Азиски дел на Турција, Либан, Кувајт | II |
| 2. | Сите останати земји | III |

**АВСТРАЛИЈА**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Австралија и Нов Зеланд | II |

**АМЕРИКА**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | САД, Канада | I |
| 2. | Земјите на Средна Америка и Атлантскиот брег на Јужна Америка | II |
| 3. | Сите останати земји | III |

## III. КЛАСИФИКАЦИЈА НА СТОКАТА

**А.**

– руди и минерали,
– бетонско железо,
– цевки, профили, блокови од метал,

– градежен материјал, освен цемент и гипс
– кабли,
– јаглен и огревно дрво,
– каучук суров,
– лимови со исклучок на поцинкувани,
– метали и отпадоци исклучиво благородни,
– метални конструкции со исклучок на алуминиски конструкции,

– плута.

**Б.** **Сета стока која не е спомната во класата А и В спаѓа во класата Б**

**В.**

- стока пакувана во внатрешна стаклена амбалажа,
– електрични апарати и машини,
– производи од графит, глина, керамика, шамот-азбест, мермер, порцелан, стакло,
– хемиски производи,
– хартија со сите производи,
– трансформатори,
– сијалици и сите осветлувачки тела,
– телевизиски приемници, отпремници, електронска опрема,
– мебел, селидбени работи,
– тутун, тутун за лула,
– кафе, какао, чаеви, зачини,
– козметички и парфимериски производи,
– крзна, кожна галантерија и чевли,
– оптички предмети (очила, двогледи, фотоапарати, камери),
– конфекција,
– медицински инструменти, санитетски материјал, лекови,
– прехранбени производи за непосредна употреба,
– жив добиток,
– сите видови уметнички предмети, скапоцености од благородни метали и скапоцени камења,
– муниција,
– нафтени деривати, нафта,
– овошје и зеленчук,
– прехранбени артикли погодни за непосредна употреба (месо, сирење, сувомесни производи, млеко, млечни производи, сладолед, кондиторски производи, чоколада, слатка, џемови, сокови и сл.).
– цемент и гипс

[illegible]

– благородни метали, валори, валути, хартии од вредност. реткости и слично.

Класификацијата на стоките и по земји на опасност е единствена за сите тарифи. При одредувањето на премиските стпки на пратките треба задолжително да се применува на дадената номенклатура. Сите неспомнати производи треба да се класифицираат во зависност од сличноста, својствата и пакувањето на сродни спомнати стоки.

## III. ДОПЛАТОЦИ

Поради зголемени транспортни ризици (особено ризикот кражба и измама при предавање на пратките) во источноевропските земји или транзит преку нив се воведуваат доплатоци и тоа:

1. Стоки од кл. А и Б

| | |
|---|---|
| – за соседни и европски земји | нема доплаток |
| – за земјите на поранешен СССР | 40% |

2. За стоки од Кл. В

| | |
|---|---|
| – за соседни земји освен Грција и транзит за европските земји | 20% |
| – за земјите на поранешен СССР | 80% |

Доплатоците под 1 и 2 за осигуреници кои имаат стари договори за отворено покритие иако се позитивни нема да се применуваат. За нови осигуреници откако ќе потпишат договор за отворено покритие доплатокот ќе изнесува 50% од соодветната стапка. Доплатокот може да го измени или укине Генералниот директор на предлог на Стручната служба за транспорт и кредити во Генералната дирекција.

# ТАРИФИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДЕН ПОМОРСКИ И КОМБИНИРАН ПРЕВОЗ

# ТАРИФА 1
## за осигурување во поморски превоз

во %

| Ред. бр. | ЗЕМЈИ И РЕЛАЦИИ | Клаузула Ц | | | Клаузула Б | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Класа на стоката | | | | | |
| | | А | Б | В | А | Б | В |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **ЕВРОПА:** | | | | | | |
| 1. | Италија-Јадранските пристаништа вклучено - С. Мариа ди Леука, Хрватска, Словенија и СР Југославија | 0,050 | 0,080 | 0,100 | 0,060 | 0,100 | 0,125 |
| | Внатрешност | 0,075 | 0,100 | 0,120 | 0,080 | 0,125 | 0,150 |
| 2. | Гибралтар, Шпанија, Франција, Италија, Средоземните пристаништа, Малта, Албанија, Грција, Турција - Европска, Црноморските пристаништа на Заедницата на Независните Држави | 0,060 | 0,090 | 0,110 | 0,080 | 0,110 | 0,130 |
| | Внатрешност | 0,090 | 0,110 | 0,130 | 0,080 | 0,130 | 0,160 |
| 3. | Холандија, Белгија, Ирска, В.Британија, Португалија и Атлантските пристаништа на Данска и Германија, Франција и Шпанија | 0,060 | 0,090 | 0,120 | 0.080 | 0,120 | 0,150 |
| | Внатрешност | 0,080 | 0,110 | 0,150 | 0,100 | 0,150 | 0,180 |
| 4. | Исланд, Норвешка, Шведска, | | | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Финска, Полска, Северните и Балтичките пристаништа на Заедницата на Независни Држави, Данска, Германија, Литванија, Естонија и Летонија | 0,060 | 0,110 | 0,150 | 0,080 | 0,150 | 0,165 |
| | Внатрешност | 0,100 | 0,120 | 0,170 | 0,110 | 0,180 | 0,200 |
| | **АФРИКА:** | | | | | | |
| 1. | Египет, Либија, Тунис, Алжир и Средоземни пристаништа на Мароко | 0,070 | 0,190 | 0,130 | 0,080 | 0,130 | 0,170 |
| | Внатрешност | 0,100 | 0,120 | 0,170 | 0,110 | 0,160 | 0,210 |
| 2. | Судан, Етиопија, Сомалија, Атлантски пристаништа на Мароко, Канарски и Азорски острови | 0,080 | 0,120 | 0,170 | 0,090 | 0,150 | 0,200 |
| | Внатрешност | 0,150 | 0,190 | 0,240 | 0,170 | 0,230 | 0,280 |
| 3. | Западниот, Источниот и Јужниот брег на Африка со исклучок на земјите од бр. 2 Мадагаскар | 0,100 | 0,150 | 0,200 | 0,110 | 0,200 | 0,250 |
| | Внатрешност | 0,150 | 0,200 | 0,250 | 0,150 | 0,250 | 0,300 |
| | **АЗИЈА:** | | | | | | |
| 1. | Турција-азиска, Израел, Сирија, Либан | 0,070 | 0,110 | 0,130 | 0,080 | 0,130 | 0,160 |
| | Внатрешност | 0,100 | 0,130 | 0,160 | 0,110 | 0,170 | 0,200 |
| 2. | Саудиска Арабија, Јордан, Аден, Оман, Кувајт, Ирак, Иран, Западен Пакистан,, Западниот брег на Индија | 0,100 | 0,120 | 0,160 | 0,120 | 0,170 | 0,220 |
| | Внатрешност | 0,140 | 0,160 | 0,200 | 0,160 | 0,250 | 0,300 |
| 3. | Цејлон, Источниот брег на Индија, Источен Пакистан, Бурма | 0,110 | 0,180 | 0,220 | 0,130 | 0,220 | 0,250 |
| | Внатрешност | 0,180 | 0,210 | 0,270 | 0,180 | 0,270 | 0,330 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Тајланд, Малезија, Сингапур, Камбоџа, Виетнам, Индонезија | 0,130 | 0,190 | 0,240 | 0,120 | 0,240 | 0,300 |
| | Внатрешност | 0,170 | 0,230 | 0,290 | 0,170 | 0,290 | 0,350 |
| 5. | Хонг-Конг, Филипини, Кина, Јапонија, Кореја, Заедница на Независни Држави (азиски) | 0,120 | 0,210 | 0,280 | 0,140 | 0,280 | 0,350 |
| | Внатрешност | 0,170 | 0,260 | 0,330 | 0,190 | 0,330 | 0,400 |
| | **АВСТРАЛИЈА:** | | | | | | |
| 1. | Австралија, Нова Гвинеја, Нов Зеланд | 0,130 | 0,200 | 0,280 | 0,140 | 0,240 | 0,350 |
| | Внатрешност | 0,160 | 0,230 | 0,310 | 0,170 | 0,300 | 0,380 |
| | **СЕВЕРНА АМЕРИКА:** | | | | | | |
| 1. | Северна Америка - Атлантскиот брег на САД и Канада | 0,050 | 0,080 | 0,120 | 0,060 | 0,120 | 0,150 |
| | Внатрешност | 0,080 | 0,100 | 0,140 | 0,080 | 0,140 | 0,180 |
| 2. | Ст. Лоренц на Големите Езера во САД | 0,080 | 0,120 | 0,180 | 0,100 | 0,200 | 0,250 |
| | Внатрешност | 0,110 | 0,160 | 0,220 | 0,130 | 0,230 | 0,280 |
| 3. | Пацифичкиот брег на САД Канада и Хавајските Острови | 0,130 | 0,160 | 0,200 | 0,140 | 0,200 | 0,250 |
| | Внатрешност | 0,160 | 0,190 | 0,230 | 0,170 | 0,230 | 0,280 |
| | **СРЕДНА АМЕРИКА:** | | | | | | |
| 1. | Мексико, Гватемала, Хондурас, Никарагва, Костарика, Панама, Куба, Јамајка, Салвадор, Атлантските острови | 0,110 | 0,160 | 0,220 | 0,120 | 0,220 | 0,250 |
| | Внатрешност | 0,160 | 0,220 | 0,280 | 0,170 | 0,270 | 0,320 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈУЖНА АМЕРИКА:** | | | | | | |
| 1. | Венецуела, Гвајана, Уругвај, Бразил, Аргентина и Колумбија - атлантска | 0,120 | 0,180 | 0,250 | 0,130 | 0,250 | 0,300 |
| | Внатрешност | 0,170 | 0,230 | 0,300 | 0,180 | 0,300 | 0,360 |
| 2. | Чиле, Перу, Еквадор, Колумбија (Пацифичкиот брег) | 0,140 | 0,210 | 0,280 | 0,150 | 0,250 | 0,330 |
| | Внатрешност | 0,190 | 0,260 | 0,330 | 0,200 | 0,330 | 0,400 |

## Појаснување на тарифа 1

1. Премиските стапки по оваа Тарифа се предвидени за осигурување на поморските ризици спрема условите на институтската карго клаузула Ц кл. 254 или Б - кл. 255.

2. Ако стоката е натоварена на палуба или се врши претовар во текот на осигуреното патување или се превезува со бродови кои не ги исполнуваат условите на класификационата клаузула кл. 354 или превозот се врши ссо поморско-речни бродови, треба да се земат предвид овие околности при формирање на стапката.

3. При осигурување на пратките во меѓународниот превоз стоката е класирана во три класи: А, Б и В. Стоката која не е приведена во класите А и В спаѓа во класата Б.

4. Ако со една полиса се осигуруваат повеќе видови на стока кои спаѓаат во различни класи, треба да се земе класата спрема видот на стоката која се јавува со најголема вредност и потешкиот ризик.

5. При одредување на премиски стапки за поединачни пратки, треба задолжително да се применува класификацијата на стоките од општите одредби.

6. Премиските стапки за осигурување по условите од клаузулата ,,Б'', се предвидени без одбивна франшиза.

# ТАРИФА 2
## осигурување против сите ризици
## (all risks)

1. Премиска стапка за осигурување ,,Против сите ризици" спрема Клаузула ,,А" кл. 252 се формира од:

а) стапка за осигурување по Клаузула Ц - основни ризици,

б) стапка за ризикот кражба, делумна кражба и неиспорака,

в) стапка за најтешкиот манипулативен ризик,

г) стапка за еден од дополнителните ризици,

д) стапка за исклучување на франшизата, која одговара на најниската франшиза за тие ризици, земени предвид при формирањето на стапката.

2. Во поедини видови на стока кои не се изложени на некој од приведените групи ризици при формирањето на стапката за осигурување ,,Против сите ризици", тие ризици нема да се земат предвид.

3. За осигурување ,,Против сите ризици" кои се вршат со соодветна франшиза за дополнителните ризици, при формирањето на стапката нема да се земе предвид стапката за исклучување на франшизата.

4. При формирањето на стапката за осигурување ,,Против сите ризици" за пратки во растурена состојба (ринфуз) се зема место стапката за ризикот кражба, делумна кражба и неиспорака, стапка за ризикот растурање, кусок од некоја вонредна надворешна причина.

5. Во осигурувањата по условите ,,Против сите ризици" не е опфатен пакетот на ризици кои се последица од било која причина.

6. На осигурувањата при кои се дава пошироко покритие од покритието ,,Против сите ризици", се наплатува дополнителна премија за ризиците кои не се вклучени во осигурувањето ,,Против сите ризици", а тоа се специјалните ризици наведени во Тарифата 7.

# ТАРИФА 3
## за осигурување на ризикот кражба, делумна кражба и неиспорака

во %

| Ред. бр. | КЛАСА НА ОПАСНОСТ | Категорија на стоката | | |
|---|---|---|---|---|
| | | А | Б | В |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | До и од пристаништа на земјите од I класа на опасност | 0,030 | 0,050 | 0,100 |
| | Внатрешност | 0,050 | 0,070 | 0,120 |
| 2. | До и од пристаништа на земјите од II класа на опасност | 0,060 | 0,100 | 0,140 |
| | Внатрешност | 0,100 | 0,140 | 0,200 |
| 3. | До и од пристаништа на земјите од III класа на опасност | 0,075 | 0,150 | 0,250 |
| | Внатрешност | 0,100 | 0,200 | 0,300 |

1. Премиските стапки од оваа Тарифа се применуваат за осигурување на ризикот кражба, делумна кражба и неиспорака, а спрема условите на клаузулата 119А.

2. Ризикот кражба, делумна кражба и неиспорака може да се осигура по наведените стапки само ако пратката е примена на превоз по број на парчиња.

3. Пратки кои не се предаваат на превоз по број на парчиња, туку по тежина, или на некој друг начин, не може да се осигураат против ризикот кражба, делумна кражба или неиспорака, по наведените стапки, туку по стапките за осигурување против ризикот кусок од вонредна надворешна причина.

# ТАРИФА 4
## за осигурување на манипулативни ризици

**А. Премиските стапки за осигурување на ризикот течење, растурање, кршење, оштетување и кршење на надворешната амбалажа и предмети пакувани во следнава амбалажа:**

**во %**

| Земји по класи на опасност | Пратки во и без надворешна амбалажа | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Метална, дрвена и тврди пластич. маси | Текстилна трикотажна, книжна и меки пластични маси | Стаклена и керамичка амбалажа | Пратки без амбал. и пакети |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. До и од пристаништа на I класа на опасност | 0,100 | 0,140 | 0,200 | 0,080 |
| Внатрешност | 0,140 | 0,180 | 0,250 | 0,120 |
| 2. До и од пристаништа на II класа на опасност | 0,140 | 0,180 | 0,250 | 0,120 |
| Внатрешност | 0,180 | 0,230 | 0,300 | 0,140 |
| 3. До и од пристаништа на III класа на опасност | 0,180 | 0,230 | 0,300 | 0,140 |
| Внатрешност | 0,200 | 0,270 | 0,350 | 0,180 |

**Одбивна франшиза**

%

| Ред. бр. | Вид на надворешна амбалажа | По пратка бруто до 20 тони | Над 20 тони |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | Текстилна, картонска, меки пластични маси | 0,375 | 0,250 |
| 2. | Стаклена | 0,750 | 0,500 |

**Б. Премиски стапки за осигурување на ризикот кршење и механичко оштетување на специфични предмети и други манипулативни ризици**

во %

| Класа на опасност | Специфични предмети | Кршење и оштетување на уметнички предмети | | Вдлабнув. луштење, деформација и виткање |
|---|---|---|---|---|
| | | Од метал | Останати | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. До и од пристаништа од I кл. опасност | 0,150 | 0,300 | 0,500 | 0,050 |
| Внатрешност | 0,200 | 0,400 | 0,600 | 0,060 |
| 2. До и од пристаништа од II класа на опасност | 0,200 | 0,400 | 0,600 | 0,060 |
| Внатрешност | 0,250 | 0,500 | 0,800 | 0,080 |
| 3. До и од пристаништа од III класа на опасност | 0,250 | 0,500 | 1,000 | 0,080 |
| Внатрешност | 0,300 | 0,600 | 1,200 | 0,200 |

**Одбивна франшиза**

во %

| ид на стоката | По пратка | |
| --- | --- | --- |
| | До 20 тони | Преку 20 тони |
| 1 | 2 | 3 |
| Специфична стока | 0,80 | 0,60 |
| Возило - луштење - огребување | 0,50 | |

За откупување на франшизата при осигурување на анипулативни ризици по Тарифите А и Б се зема доплаток од 30% до 50% д истата.

**В. Специфични предмети за кои се применува Тарифата 4 под Б**

- електрични апарати и машини за домаќинство;
- графитни електроди;
- изработки од глина, керамика, шамот, азбест, стакло, порцелан;
- мермерни изработки и мермерни плочи;
- електронски апарати, уреди и машини;
- музички инструменти и делови;
- мебел и покуќнина;
- стока пакувана во внатрешна стаклена амбалажа;
- радио станици, приемници и отпремници, телевизиски приемници и предаватели, со исклучок кршење на внатрешните делови кај цевките и деловите.
- патнички возила;
- предмети на домаќинство-покуќнина;
- осветлувачки тела, сијалици, рефлектори и сл., со исклучок на кинење - кинење на влакната (жицата);
- компјутери и компјутерска опрема со исклучок на внатрешни кршења.

1. Премиските стапки од Тарифа 4, точка „А" се применуваат за осигурување на пратки против ризикот течење, кршење и растурање

поради оштетување на пратката и надворешната транспортна амбалажа.

2. Ако пратката во текот на осигурениот пат го менува видот на амбалажата (во истоварното или натоварното пристаниште се врши препакување и сл.), за во нова транспорна амбалажа да се превози до одреденото место означено во полисата за осигурување, во таков случај ризикот течење и растурање како последица на кршење и кинење на новата транспортна амбалажа се пресметува покрај премиската стапка за старата амбалажа уште и 50% од премиската стапка за изменетата амбалажа. Ова не важи ако до промената на амбалажата дојде поради остварен ризик.

3. Премиските стапки од оваа Тарифа под 4 Б) се применуваат само за осигурување на стока изречно приведена под Б), и тоа против ризикот кршење и механичко оштетување со исклучок на ризиците кои при соодветни пратки се изречно исклучени.

4. Премиските стапки од оваа Тарифа можат да се применуваат за осигурување на ризици кои изречно се приведени во оваа Тарифа спрема класификација на земјите.

# ТАРИФА 5
## за осигурување на останатите дополнителни ризици опфатени со условите „против сите ризици"

во %

| Ред. бр. | РИЗИЦИ | Европа, САД, Канада | Сите останати земји |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | Течење - кај течности кои се транспортираат без посебна транспортна амбалажа (танкери и цистерни) | 0,120 | 0,150 |
| | Внатрешност | 0,150 | 0,180 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 2. | Бродско потење | 0,050 | 0,075 |
| 3. | Мирис | 0,050 | 0,050 |
| 4. | Допир со друга стока или предмети | 0,050 | 0,050 |
| 5. | 'Рѓа и оксидација како последица вонредна надворешна причина | 0,050 | 0,100 |
| | Внатрешност | 0,075 | 0,150 |
| 6. | Слатка вода - покиснување | 0,050 | 0,050 |
| | Внатрешност | 0,075 | 0,075 |
| 7. | Растурање-кусок од вонредна надворешна причина само при пратки непакувани (рефус) | 0,120 | 0,120 |
| | Внатрешност | 0,150 | 0,180 |

**Одбивна франшиза**

%

| Ред. бр. | РИЗИЦИ | Одбивна франшиза |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | По точка 1 и точка 7 | по пратка ...... 0,5% |

1. Премиските стапки од оваа Тарифа се применуваат за осигурување само на дополнителните ризици наведени со оваа Тарифа.

2. За ризикот течење на течности кои се превозуваат во посебна транспортна амбалажа (буриња и сл.), не се применуваат премиските стапки наведени под 1, туку премиските стапки од Тарифата 4 под точка „А".

3. Премиските стапки за ризикот 'рѓа и оксидација се однесуваат само на штети поради 'рѓа и оксидација предизвикана од некоја вонредна надворешна причина, т.е. поради дејство на слатка и морска вода.

4. За откупување на франшизата се пресметува 50% доплаток од истата.

# ТАРИФА 6
## осигурување на специјални околности на транспортот

### А. Осигурување на стока на палуба

во %

| | | |
|---|---|---|
| 1. | За осигурување на стока по Клаузулата ICC (Ц) Кл. 254 со вклучување на ризикот отфрлување и отпловување без франшиза | Двојна стапка за (Ц) |
| 2. | За осигурување по условите ICC (Б) Кл. 253 | Двојна стапка за Кл. ,,Б" |
| 3. | За осигурување по условите ICC (А) Кл. 252 | За покритие ,,Проитв сите ризици" формирана со стапка за клауз. ,,Б" + клауз. ,,А" за соодветна класа на стоката |

Премиските стапки под 2 се применуваат за осигурување на пратки стока од класата А, за основни ризици. За осигурување на стока од класата Б и В, од покритието се исклучуваат ризиците кои се последица на морска вода и врнежи.

## Б. Осигурување на претовар во тек на поморскиот пат

во %

| Ред. бр. | Претовар | За осигурувања | | |
|---|---|---|---|---|
| | | (Б) и (Ц) | (Б) и (Ц) со кражба, делумна кражба неиспорака | По клаузула А |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Во Европски пристаништа, САД и Канада | 0,050 | 0,080 | 0,100 |
| 2. | Во пристаништа на останатите држави | 0,075 | 0,100 | 0,120 |

1. Горенаведените премиски стапки ќе се применуваат за секој претовар кој ќе се изврши во текот на осигурениот поморски пат,

2. За претовар кој бил извршен поради остварен осигурен случај нема да се наплатува премија за претовар.

## В. Осигурување - вскладиштување

во %

| Ред. бр. | Ширина на покритие | Во затворен простор | Во отворен простор | На пловен објект |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Продолжување на покритието по полиса кога е осигурен по ICC (Б) и (Ц) кл. 253 и кл. 254 | 0,030 | 0,060 | 0,080 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Продолжување на покритието по полиса по услови ICC (A) кл. 252 | 0,080 | 0,100 | 0,120 |
| 3. | Продолжување на покритието по полиса кога е по условите ICC (A) плус специјални ризици | 0,120 | - | 0,120 |

1. Премиските стапки од оваа Тарифа се предвидени за период од еден месец. За секој започнат месец се наплатува полниот износ од премијата.

2. Премиските стапки под 1, 2 и 3 се однесуваат за време на попатно вскладиштување до кое е дојдено по желба на осигуреникот, како и за време на вскладиштување во пристаништето на истовар, до колку осигурувањето на тоа вскладиштување претставува продолжување на осигурувањето по полисата.

3. Овие премиски стапки не се однесуваат за краткотрајни попатни вскладиштувања до кои доаѓа во текот на нормалното обавување на транспортот, како и вскладиштување по престанок на важноста на полисата.